**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-125/11**

**Скопје, 14.02.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КУМАНОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Клечовце за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за Буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Клечовце за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Александар Станковски - градоначалник на општина Клечовце од 01.01.2005 до 10.06.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 22.11 до 23.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со

извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.1.1. Општина Клечовце нема извршено усогласување на актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места согласно членовите 91 и 94 од Законот за локална самоуправа (Сл весник на РМ 5/2002), во законски утврдените рокови. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа и придонесува да не може да се изврши пополнување на оптималните работни места неопходни за извршување на работите и задачите.
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што со примена на Законот за територијална организација на ЕЛС на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 55/04), општина Клечовце е населено место на општина Куманово.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Клечовце на ден 10.06.2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Клечовце е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи до 10.06. 2005 година.

**Скопје, 13.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА КЛЕЧОВЦЕ
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 412 | 1.731 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 5 | 18 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 485 | 2.383 |
| **Вкупно приходи** | | **902** | **4.132** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.4.1. | 315 | 898 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 131 | 965 |
| Тековни трансфери и субвенции | | 0 | 45 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **446** | **1.908** |
| Капитални расходи | 3.5. | 456 | 1.739 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **456** | **1.739** |
| **Вкупно расходи** | | **902** | **3.647** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **0** | **485** |

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА КЛЕЧОВЦЕ
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 10 ЈУНИ 2005

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 485 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **485** |
| **Вкупна актива** | | **0** | **485** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 485 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **0** | **485** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | **485** |